**20111603519**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 21-а став (2) од Законот за ветеринарно – медицински препарати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/10 и 136/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ВЕТЕРИНАРНО - МЕДИЦИНСКИ ПРЕПАРАТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарати во рокот утврден во член 21 став (1) од Законот за ветеринарно – медицински препарати.

Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради неиздавање на одобрение односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарати“, во А-4 формат во бела боја, кој е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за датум и број на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице подносител на барањето, седиште на правното лице подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-4464/4
9 ноември 2011 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

Прилог

ДО
Писарницата на директорот на
Агенцијата за храна и ветеринарство

Датум _______________
Број _________________

**Б А Р А Њ Е**

зареди неиздавање на одобрение односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарати

Од________________________________________________________________________
(назив на правното лице)

___________________________________________________________________________
( седиште на правно лице)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 21-а став (3) од Законот за ветеринарно – медицински препарати директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство да постапи по барањето за одобрување за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарати поднесено под број __________________ од ______________ година до Агенцијата за храна и ветеринарство, чија копија Ви ја доставувам во прилог на ова Барање.

Барател

___________________